Совет за соработка меѓу Владата
и граѓанското општество:

# ДИЈАЛОГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ



Техничка помош за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации
во Република Северна Македонија

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Проект имплементиран од конзорциум предводен од: CPM

Оваа брошура е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.




# За нас

Учеството на граѓаните и граѓанското општество во процесот на донесување одлуки е камен-темелник на демократијата. Зголемувањето на можностите за учество во процесот на носење одлуки и креирање политики е од суштинско значење за зајакнување на довербата и кредибилитетот на демократските институции. Формирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество претставува највисоко ниво на учество на граѓанските организации - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации.

Советот е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија формирано за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество во земјата. Инклузивното креирање политики, постигнато преку отворен дијалог со граѓанското општество, се наоѓа во сржта на работата на Советот. Советот се состои од 15 претставници од државни институции и 16 претставници од граѓанските организации.

## Нашите начела:

- Меѓусебна доверба и почит, како и искрена комуникација меѓу сите чинители;
- Признавање и почитување на независноста на граѓанските организации слободно да застанат зад своите ставови;
- Отвореност, транспарентност и отчетност;
- Рамноправно учество, недискриминација и вклученост на сите групи и поединци.

## Нашите заложби:

- Воспоставување планирана, отворена и пристапна рамка за консултации;
- Навремена и конзистентна размена на информации со граѓанското општество;
- Промоција и афирмација на улогата на Советот како репрезентативно и советодавно тело;
- Претставеност, учество и вклученост на сите страни.

Граѓанските организации придонесуваат со знаење, експертиза и друго релевантно искуство што може да биде корисно во процесот на носење владини одлуки. Вклученоста на граѓанското општество носи дополнителна вредност преку осигурување влијание, релевантност и подобрена применливост на владините политики во корист на граѓаните и општеството како целина.






Фани Каранфилова -Пановска

Претседателка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество; Фондација Отворено општество - Македонија


# Нашиот напредок

Во текот на прviот мандат (април 2018-јули 2021 година), благодарение на огромната заложба, ентузијазам и напорна работа на сите членови, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество успеа да прерасне во кредибилен, репрезентативен и ефективен форум за унапредување на соработката и дијалогот меѓу граѓанското општество и Владата.

***Ја зголемивме транспарентноста и инклузивноста на процесите за распределба на државните средства за програмска работа на граѓанските организации; предложивме подобрување на правната рамка за даночен третман на граѓанските организации, и подготвивме анализа и предлози за подобрување на државното финансирање на граѓанските организации.***

Советот, исто така, придонесе за унапредување на учеството на ГО во процесите на носење одлуки и креирање политики, преку изготвување модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапување кон ЕУ и преку успешна поддршка на бројни избори и посредување на назначувањето на претставници од граѓанското општество во други работни тела и советодавни механизми формирани од државни институции. Успехот на Советот беше препознаен и во последниот Извештај на ЕУ за напредокот на земјата.

Свесна сум дека патот кон суштински и сеопфатни реформи, што ќе овозможат граѓанското општество да биде влијателен чинител при дизајнирањето на јавните политики, рамноправен партнер во одлучувањето, како и независен контролен механизам и чувар на демократијата, доброто управување и човековите права, е долг и полн со предизвици.

Во тој поглед, следниот состав на Советот има голема одговорност да се надоврзе на досега сработеното, како и да опфати нови прашања и да иницира креативни и одржливи решенија, со крајна цел да се зајакне граѓанското општество и да стане задолжителен глас што влијае врз владините одлуки и политики.

Во тој контекст, работата на новата Стратегија и акциски план за развој на граѓанското општество, и активностите за приближување на Советот до ГО, особено оние надвор од главниот град, преку зголемена комуникација и градење доверба, ќе бидат од особено значење, како и следново: поддршка на ГО и граѓаните од маргинализираните заедници за полесно надминување на последиците од здравствената и социо-економската криза предизвикана од пандемијата; почнување и спроведување значајни реформи во државното финансирање, што би можело да ја подобри финансиската одржливост на ГО; и ревидирање на моделот за учество на претставници од граѓанското општество во преговорите со ЕУ, во согласност со новата методологија за пристапни преговори и новата преговарачка рамка за земјата.

Советот е замислен како платформа за дијалог и претставува храбро и иновативно решение. Со своите специфични карактеристики, тој е исклучително значаен ресурс во рацете на граѓанското општество и државните институции, кои треба внимателно да го негуваат, поддржуваат и користат, како единствен начин за одржување и спроведување на системските реформи за кои сите се залагаме.



## Нашите компетенции

- ✓ Ги следиме и анализираме јавните политики што влијаат врз средината во која се развива граѓанското општество;
- ✓ Даваме мислења и предлагаме прописи за подобрување на правната и институционалната рамка за активностите на ГО;
- ✓ Ја подигнуваме свеста за унапредување на културата на соработка и партнерство;
- ✓ Учествуваме во подготовката и следењето на спроведувањето на Стратегијата за соработка меѓу Владата и граѓанското општество;
- ✓ Ја следиме вклученоста на организациите во креирањето на јавните политики;
- ✓ Предлагаме приоритети за финансирање на активностите на ГО од државниот буџет и даваме препораки за годишните извештаи на државните институции за финансираните програми на организациите;
- ✓ Номинираме претставници од граѓанското општество во советодавни и работни тела.

Учеството на граѓанското општество во процесот на креирање политики потекнува од Европската Конвенција за човекови права, што гарантира слобода на изразување и слобода на собирање и здружување. Сите граѓани имаат право да ги изразат своите ставови и политички мислења и да формираат, поддржат и да се приклучат на граѓански движења.



## Никола Димитров

Заменик на Претседателот на Владата задолжен за европски прашања

*Посветени сме на идејата да ги искористиме постојните капацитети, експертиза и интегритет на граѓанскиот сектор за зајакнување на процесот на европска интеграција. Напредокот на земјата е наша заедничка цел, заложба на целото општество, за која сите засегнати страни го вложуваат цело свое знаење и можности. Граѓанскиот сектор е значаен коректив, но и природен сојузник во промовирањето на европските вредности.*

*Меѓу другото, користењето на европските средства од страна на државата ќе биде подобрено преку директна вклученост на релевантните граѓански организации во процесот на планирање, програмирање и следење на користењето на овие средства.*



## Се стремиме...

Да изградиме транспарентен и правичен систем за распределба на средствата од државниот Буџет за граѓанските организации, преку јасни и прецизни критериуми, придржувајќи се кон највисоките стандарди за интегритет, еднаквост и инклузија. Кога станува збор за трошењето на парите на граѓаните, ајде да поставиме пример што ќе го следат и останатите.

# НАШИТЕ ПОСТИГНУВАЊА

–

- Одржани 32 седници, почнати процеси и влијаење врз владиното креирање политики
- Подобрена транспарентност во распределбата на средствата од државниот буџет за финансирање на програмските активности на ГО

**Зголемено учество на граѓанското општество во креирањето јавни политики**

**53**

**учесници именувани**

**16**

**советодавни и работни тела**

на Владата и органи на државната управа;

**Нацрт**

– Изготвен е нацрт-модел за вклучување на организациите во пристапните преговори за членство во ЕУ.



ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена

## Јане Чаловски

Советот е советодавно тело изградено врз верувањето дека заемниот дијалог и потребата за критичко размислување е заеднички именител во врската меѓу Владата (избрана од граѓаните) и граѓанското општество (изградено од граѓаните). Во последните три години, преку серија активности, научивме што во суштина значи да се изгради и манифестира стратешки јасна социо-политички и културно одговорна стратегија на заедничка социјална одговорност. Јас сум убеден дека Советот има јасна визија и интелектуален и политички потенцијал да продолжи да се промовира во насока на општествена одговорност и објективна критичка самосвест.



Рурална коалиција

## Лиљана Јоноски

Отворивме процеси за кои мислевме дека никогаш нема да станат јавни, а Советот го овозможи влезот на граѓанските организации во консултативните механизми или работни групи, што, за возврат, ја зголемува транспарентноста и отвореноста на институциите кон граѓаните. Кога сте член на Советот, не само што имате можност да ги добиете сите достапни информации од прва рака и да делувате во процесот на креирање политики, туку и можете веднаш да ги споделите со останатите граѓански организации во секторот кој го претставувате и пошироко.



Министерството за локална самоуправа

## Ели Чакар

Динамиката на работата на Советот најдобро ја отсликува потребата за институционална соработка меѓу двете страни, граѓанското општество и Владата, при создавањето средина на доверба и заедничко изготвување на суштинските јавни политики. Фактот дека од самиот почеток сфативме дека сме си потребни едни на други е многу охрабрувачки, и Советот е форум каде синергијата меѓу граѓанското општество и јавниот сектор може да се канализира на најдобар можен начин во колективните напори за градење подобро, подемократско, инклузивно и толерантно општество што ќе биде фокусирано на граѓаните.

### Подобрена транспарентност во распределбата на средствата од државниот буџет за финансирање на програмските активности на ГО

- Учество во планирањето на областите и приоритетите за финансиска поддршка;
- Учество во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019, 2020 и 2021 година;
- Разгледување на годишните извештаи за спроведување на програмите и финансираните проекти на ГО;
- Анализа за финансиска поддршка на организациите од државниот буџет со компаративна анализа на моделите на државно финансирање од други земји; предлог Модел за Фонд за институционална поддршка на ГО и кофинансирање на проекти на ЕУ во Република Северна Македонија.

**Големиот дијапазон граѓански организации ја претставува разновидноста на општеството и претставничката демократија. ГО ја уживаат довербата на нивните членови, ги застапуваат нивните интереси, градат чувство на заедништво, го промовираат социјалниот развој и го подобруваат секојдневниот живот на граѓаните. Оттука, тие треба да имаат клучна улога во развојот на владините политики.**



# Најнови вести

Отвореноста и транспарентноста се клучни состојки за градењето отчетност и доверба, овозможувајќи на Советот да ја одржи својата улога како репрезентативно советодавно тело. Транспарентноста е едно од суштинските начела и вредности содржани во Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 година.

Имајќи ја предвид значајната улога на Советот во ангажирањето на поширокото граѓанско општество во консултациите за јавните политики и владините одлуки релевантни за секторот, беа идентификувани клучни области и потреби за надворешна комуникација.

Врз основа на тоа, проектот "Техничка помош за подобрува на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" финансиран од ЕУ придонесе со препораки за комуникација и консултации со граѓаните што ги застапуваат, што ќе му овозможи на Советот да работи на поефикасен начин. Нивната цел е суштински да ги подобрат односите на Советот со неговите членки и јавноста подобра да биде информирана за работата на Советот. За ГО, овој дијалог значи да останат добро информирани и потенцијално да влијаат врз политиките и програмите во рамките на опсегот на мандатот на Советот. За Владата, тоа значи негување доверба, подобрување на отчетноста и постигнување подобри резултати.

Препораките беа презентирани и за нив се дискутираше на заеднички работилници организирани со членовите на Составот и Одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат, како претставници на Делегација на ЕУ во февруари 2021 година.

Беа предложени измени и дополнувања на Одлуката за формирање на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и Деловникот за работа на Советот со поддршка на проектот "Техничка помош за подобрува на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" финансиран од ЕУ.

Измените кои беа резултат на динамичен процес на дискусии и консултации, го разјаснуваат мандатот на Советот и неговата улога во разни фази на процесот на носење одлуки.
Владата ги донесе измените на Одлуката на седницата одржана на 25 мај 2021 година, додека измените на Деловникот за работа беа едногласно донесени од Советот на 22 април и 3 јуни 2021 година.

**Одделението за соработка со граѓанските организации изготви Извештај за работата на Советот за периодот април 2018 - јуни 2021 година. Извештајот содржи детални информации за:**

(1) Разгледаните материјали предложени од Одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат, вработените во органите на државната управа и членовите на граѓанските организации;

(2) Номинираните претставници на граѓанското општество во советодавните и работните тела;

(3) Материјали, мислења и препораки на Советот доставени до Владата и ресорните министерства.



Соработката меѓу граѓанските организации и Владата доведува до подинамично и поефикасно планирање и спроведување на политиките, и спречува политичко отуѓување на граѓаните. Јавното учество им овозможува на граѓаните да влијаат врз креирањето поквалитетни политики и нивно ефективно спроведување.

## Се стремиме...

Заеднички да изготвиме законодавство за социјално претприемништво што ќе го поттикне и мотивира неговиот иден развој. Ќе ја зајакнеме солидарноста во општеството преку интензивирање на волонтерството и филантропијата, поттикнувајќи систем што ги задоволува потребите на сите во општеството.

# Нашите следни чекори

### Ние остануваме посветени на следново:

- Да ги информираме сите граѓански организации директно и редовно за нашата работа;
- Да станеме препознатливи ширум земјата и да поттикнеме вклученост и претставеност во процесите што ги почнавме;
- Да организираме настани, отворени денови и јавни сесии за да им овозможиме на граѓанските организации да ја предложат нивната агенда;
- Да овозможиме вклученост и зголемен пристап на помалите организации, особено оние што ги застапуваат ранливите групи во општеството.

**Совет за соработка меѓу**
**Владата и граѓанското општество**
Тел.: (0)2 3118 022 локал 336
Веб-страница: www.nvosorabotka.gov.mk

**Генерален секретаријат на Владата**
**на Република Северна Македонија**
Одделение за соработка со ГО
Тел.: (0)2 3118 022 локал 336
е-пошта: nvosorabotka@gs.gov.mk
Веб-страница: www.nvosorabotka.gov.mk

Техничка помош за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации
во Република Северна Македонија

Овој проект е
финансиран од
Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Проект имплементиран
од конзорциум предводен од: CPM
CORPORATE & PUBLIC MANAGEMENT INTERNATIONAL

Оваа брошура е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.